Друштво со ограничена одговорност основано од еден основач ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр 09-2573/1
18-08-2025 20 ___ год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-4011/10
18-08-2025 20 ___ год. / viti

**ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**Набавка на електрична енергија за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерство за период од една година**

Склучен на ден ___________2025 година помеѓу Договорните страни:

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст: Договорен орган/потрошувач и
2. **ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. “11 Октомври “ бр.9 Скопје, ЕМБС 6548474, застапувано од Управител Павле Маџовски (во понатамошниот текст: носител на набавката – снабдувач)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор за јавна набавка е Набавка на електрична енергија за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерство за период од една година.

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како отворена постапка за набавка на стоки во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката односно Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи, Закон за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) ), - Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 191/19 и 101/22), - Мрежните правила за пренос на електрична енергија издадени од операторот МЕПСО („Службен весник на Република Северна Македноија“ бр. 4/22), - Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и „Службен весник на Република Северна Македноија“ бр. 138/19 и 159/22), - Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ 234/22), и - Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), како и сите важечки прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови, заштитата при работа, заштита на личните податоци. Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на техничката спецификација и прифатена понуда, по огласот бр. 11367/2025 објавен на ЕСЈН, Одлука за јавна набавка со арх.бр. 02-4011/1 од 16.05.2025 година, Одлука за измена и дополнување на Одлука за јавна набавка со арх.бр. 02-4011/1 од 16.05.2025 година, заведена под арх.бр. 02-4011/2 од 11.06.2025 година и Одлука за избор на најповолна понуда бр. 02-4011/8 од 21.07.2025 година.

ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Целта на овој договор е набавка на Електрична енергија за потребите на договорниот орган за период од една година.

Член 3

Мерењето на електричната енергија со која бил снабден потрошувачот ќе го врши Операторот на електродистрибутивниот систем преку мерни уреди кои ги вградува, одржува, контролира и менува согласно закон и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Отчитувањата на мерните уреди, Операторот на електродистрибутивниот систем ги доставува до договорниот орган.

Најавата на потрошувачката на електрична енергија кон операторот на пазарот во име на договорниот орган, без надомест, ја врши Носителот на набавка.

Носителот на набавка ќе го зачлени договорниот орган во својата балансна група без надомест.

Носителот на набавка гарантира квалитет на испорачаната електрична енергија и квалитет на услугите на снабдувањето. Ова подразбира квалитет на напон, континуитет во испораката и квалитет на услугите.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Овој Договор е со важност од 1 година, сметано од 01.09.2025 година во 00:00 часот до 31.08.2026 година во 24:00 часот, или до искористување на предвидените средства согласно Одлука за јавна набавка со арх.бр. 02-4011/1 од 16.05.2025 година, Одлука за измена и дополнување на Одлука за јавна набавка со арх.бр. 02-4011/1 од 16.05.2025 година, заведена под арх.бр. 02-4011/2 од 11.06.2025 година, зависно што прво ќе настапи или се исполни.

Во случај Договорниот орган да нема обезбеден нов договор со снабдувач на електрична енергија на истекот на овој договор, Носителот на јавната набавка е должен да постапи согласно Законот за енергетика односно да го пријави договорниот орган кај снабдувач во краен случај.

ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот, е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Вкупната вредност на договорот изнесува 40.000.000,00 денари без данок на додадена вредност. Данокот на додадена вредност изнесува 7.200.000,00 денари. Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 47.200.000,00 денари.

**Висината на маржата изнесува: 8,88%.**

Понудената маржа изразена во проценти ќе се користи како показател за пресметка на цената на потрошена електрична енергија за секој изминат месец.

Понудената маржа ќе се однесува на просечна месечна цена определена на берзата МЕМО, која МЕМО ја објавува на својата ВЕБ страна на месечно ниво, а ќе се однесува на претходниот месец на испорака.

Линк од МЕМО: https://www.memo.mk/

Вредноста на Договорот вклучува и трошоци на вкупната цена определена во овој член поради покривање на трошоците за Обновлива Енергија и Надомест за користење на пазарот на електрична енергија, кои се составен дел на фактурите на добавувачот и паѓаат на товар на набавувачот.

Единечната цена за испорачана и потрошена 1 Kwh активна електрична енергија со вклучени трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети, трошоци за балансирање на потрошувачката (балансна одговорност) и попусти и увозни царини ќе се пресметува со примена на следната формула:

$C_m$ =$C_{m,MEMO}$/1000 + маржа во %

каде што:
$C_m$ — цена по која Носителот на набавката го снабдува Договорниот орган во месецот (m), ден/KWh

$C_{m,MEMO}$ - просечна цена за електрична енергија на пазарот на берзата МЕМО за месецот за кој се однесува пресметката, ден/MWh[1]

Вкупен износ на потрошена ЕЕ = $C_m$ * количина на потрошена ЕЕ

При конверзија на цената на МЕМО (https://www.memo.mk/) берзата од евра во денари ќе се користи среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на последниот ден од месецот за кој се фактурира.

Член 7

Понудената цена (маржа), ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, за испорака на електрична енергија до местото на испорака вклучувајќи:

---

[1] Просечната цена на електрична енергија од страна на МЕМО се објавува по количина MWh. Наведената формула е креирана на начин кој обезбедува добивање на вредност во KWh. Со примена на формулата се добива цена по KWh.

- ✓ трошок за набавка на електрична енергија,
- ✓ трошок за планирање и номинирање на потрошувачка,
- ✓ трошоци за обезбедување на прекугранични капацитети (за да биде енергијата испорачана во ЕЕС на РСМ),
- ✓ увозни царински давачки,
- ✓ трошоци за балансирање на потрошувачка (балансна одговорност)

Трошоци за балансирање на потрошувачката на договорниот орган целосно ќе бидат покриени од страна на носителот на набавката и договорниот орган нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.

Со маржа не се опфатени трошоците за:

- ✓ Операторот на електропреносниот систем,
- ✓ Операторот на Пазар со електрична енергија,
- ✓ Операторот на дистрибутивниот систем предвидени со Правилата за снабдување со електрична енергија, како и
- ✓ Надоместокот за обновлива електрична енергија произведена од повластени производители (зелена енергија).

Местата на испорака на електричната енергија се дадени во Техничка спецификација.

Мерните места наведени во спецификацијата во текот на важноста на договорот можат да се променат, а Носителот на набавката - снабдувачот на електрична енергија е должен да испорача електрична енергија до сите мерни места вклучувајќи и нови кои ќе бидат пријавени од страна на Договорниот орган.

КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ

Член 8

Цената на електрична енергија ќе биде променлива („+“ или „-“) во зависност од референтната берза МЕМО.

Процентот на маржа ќе биде фиксен за целото времетраење на договорот.

Корекција на цената на предметот на договорот за јавна набавка е дозволена, во согласност со промените кои настануваат на МЕМО берзата согласно приложен официјален документ.

Цената ќе се корегира така што цената на МЕМО берзата за последниот месец, ќе биде корегирана (профилирана) за износот на понудената маржа изразена во проценти согласно понудата на најповолниот понудувач.

НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 9

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот преку соодветниот електроенергетски систем.

Носителот на набавката ќе го снабдува Договорниот орган со електрична енергија врз основа на потребите на Договорниот орган, редовно и континуирано (непрекинато 24 часа во денот за целото времетраење на договорот) до сите мерни места од техничката спецификација, во времетраење на Договорот за јавна набавка.

Преглед на вкупна планирана потрошувачка на електрична енергија за 2025/2026 година на Договорниот орган е следна:

| Назив | Планирана количина на ЕЕ за 2025/2026 година |
|---|---|
| Активна електрична енергија (тарифа) - АЕТ | 1.700.330 KW/h |

Носителот на набавката гарантира квалитет на испорачаната електрична енергија и квалитет на услугите на снабдување. Ова подразбира квалитет на напон, континуитет во испорака и квалитет на услугите на начин кој е детално уреден со позитивните законски прописи кои ја уредуваат проблематиката на набавката.

Согласно Правилата за пазар на електрична енергија, трошоците за балансирање на потрошувачката на Договорниот орган, целосно ќе бидат покриени од страна на Носителот на набавката и Договорниот орган нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.

Носителот на набавката ќе го зачлени Договорниот орган во својата балансна група, без надомест.

Носителот на набавката е должен непречено да дозволи отварање на нови приклучни места или укинување на постоечки, за што ќе биде благовремено известен.

Договорниот орган го задржува правото да врши зголемување или намалување на бројот на мерни места, според потребите.

Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши Операторот на дистрибутивниот систем.

За сите планирани прекини носителот на набавката е должен да го информира договорниот орган најкасно 24 часа пред прекинот, за периодот од понеделник до петок. Доколку прекинот е планиран да се реализира во сабота, недела или утринските часови од понеделник, информацијата за прекинот на испорачување на електрична енергија се доставува најдоцна до 14 часот во петок, пред викенд деновите, во спротивно ќе треба да ја надомести настанатата штета.

Носителот на набавката прифаќа отстапувања од реализираната потрошувачка на активната електрична енергија дадена во Прегледот на вкупна планирана потрошувачка на електрична енергија за 2025/2026 година определена во овој член како параметар за годишна потрошувачка, како на месечно така и на годишно ниво, што ќе зависи од потребите на Договорниот орган, од временските и други услови за времетраење на договорот.

Предметната стока ќе се испорачува во времетраење на договорот, односно за период од една година (12 месеци). Пресметковен период е од 1-ви до 31-ви во месецот.

Носителот на набавката - Снабдувачот се обврзува дека:

- ќе врши снабдување на Договорниот орган - Потрошувачот со договорената количина на електрична енергија до местата на испорака на електрична енергија;
- да ги утврди потребите на Договорниот орган - Потрошувачот за електрична енергија за договорниот период врз основа на анализата на историската потрошувачка на електрична енергија на Договорниот орган - Потрошувачот, а која количина ќе биде предмет на овој Договор. Договорните количини се од индикативна природа и не претставуваат репер за задолжително потрошена количина на електрична енергија во договорниот период од страна на Договорниот орган -Потрошувачот;
- ја превзема одговорноста за балансирање на потрошувачката на електричната енергија на местата на испорака наведени во Техничката спецификација која е составен дел на овој Договор;
- ја превзема обврската за предвидување и планирање на потрошувачката на електричната енергија на Договорниот орган -Потрошувачот, а во однос на неговите потреби за договорениот период;
- ја превзема обврската за порамнување на отчитаните и реално потрошени количини на електрична енергија за дадениот период на отчитување на местата на испорака на Потрошувачот, а кои се основа за изработка на месечна фактура;
- ќе изготвува месечна фактура на Договорниот орган за испорачаната и реално потрошена електрична енергија согласно договорените одредби за пресметка на цената по KWh, врз основа на податоците добиени од соодветниот оператор на систем;
- ќе му доставува месечна фактура на Договорниот орган за искористената електрична енергија согласно договорените одредби за пресметка на цената за KWh;
- сите доверливи информации добиени за потребите на реализирањето на овој Договор ќе ги чува како деловна тајна и
- своите обврски ќе ги врши стручно и совесно, а со цел да обезбеди квалитетна услуга за Договорниот орган.
- Одговорно лице за реализација на предметот на набавката од страна на Носителот на набавката е Синиша Ивановски (sinisa.ivanovski@elem.com.mk).

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Договорниот орган - Потрошувачот се обврзува дека:

- ќе купува електрична енергија исклучиво од Носителот на набавката -Снабдувачот за времетраењето наовој Договор;
- ќе ја плаќа Договорната цена за електрична енергија согласно отчитаните реални количини на електрична енергија за дадениот период според порамнувањето согласно Правилата за пазар со електрична енергија во местата на испорака, а под условите предвидени во овој Договор,
- во најкус можен рок во рамките на денот да го известува Носителот на набавката - Снабдувачот за било какви промени или проблеми во процесот на користење на електрична енергија, за работи од кои зависи услугата која ја обезбедува Носителот на набавката- Снабдувачот, а истите се од взаемен интерес за Договорните страни и
- сите доверливи информации добиени за потребите на реализирањето на овој Договор ќе ги чува како деловна тајна,
- договорниот орган го задржува правото да не ги искористи предвидените средства за реализација на договорот, во зависност од препораките и заклучоците од надлежни државни органи.
- Одговорно лице за реализација на предметот на набавката од страна на договорниот орган е Марина Гиевска или друго лице овластено од Министер.

НАДОМЕСТ НА ШТЕТА И ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, ОДНОСНО ПРЕКИН ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Договорните страни се договорија дека Носителот на набавката ќе му плати на договорниот орган определен паричен износ (договорна казна) ако ја прекине испораката на електричната енергија, односно ако не ја исполни својата обврска согласно овој договор, а особено ако договорот е раскинат поради вина на носителот на набавката.

Член 12

Договорната казна изнесува 1 ‰ (1 промил) од вкупната договорена цена на стоките за секој ден задоцнување, односно прекин на испораката ако испораката на електрична енергија не се врши непречено, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на стоката.

Во случај да се задоцни, односно да се прекине испораката на електричната енергија, договорниот орган може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 13

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или ќе задоцни со нејзино исполнување, другата договорна страна има право да бара надомест на штета што ја претрпел поради тоа.

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

Член 14

Носителот на набавката фактурирањето ќе го врши врз основа на реално испорачаните количини ЕЕ на месечна основа, по претходно издадена месечна фактура за потрошена ЕЕ која се доставува по електронски пат (скенирана) на email marina.gievska@mtsp.gov.mk и во печатена форма во архивата на Министерство за социјална политика, демографија и млади најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

Пресметковен период е од 1-ви до 31-ви во месецот, односно ќе изнесува 1 (еден) месец.

Задолжително во прилог на фактурата се доставува детален преглед на потрошувачката по мерни места и броила, за месецот за кој се однесува фактурата. Фактурирањето на потрошена електрична енергија по мерни места и броила да се врши одделно за секој ЦСР и ЈУ.

Процентот на маржа да биде изразен во фактурата.

Во прилог на фактурата задолжително се доставува документ издаден од берзата МЕМО за просечната месечна цена на ЕЕ + линк за пристап до овој документ преку кој договорниот орган може да изврши проверка и копија од објава на веб страната на Регулаторната комисија за просечната месечна цена на ЕЕ на берзата МЕМО, која се однесува на претходниот месец.

Договорниот орган плаќањето ќе го врши во рок од најмногу 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерство за социјална политика, демографија и млади на ул. "Даме Груев" бр.14-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

Во случај на настанат спор за одредено мерно место наплатата на износот наведен во фактурата во однос на спорното мерно место ќе се врши по расчистување на спорот помеѓу договорните страни.

Член 15

Фактурата меѓу другото треба да ги содржи следните ставки:
- потрошена активна електрична енергија, цена и надоместок, како и потрошена реактивна електрична енергија и цена кај потрошувачите каде е тоа соодветно,
- тарифа за користење на електропреносната мрежа и износ на надоместокот, доколку е тоа обврска на снабдувачот,
- тарифа за користење на електродистрибутивната мрежа и износ на надоместокот, доколку е тоа обврска на снабдувачот
- тарифа за услугите на операторот на пазарот на електрична енергија и износ на надоместокот,
- процентот на учество на електричната енергија произведена од повластените производители кои користат повластена тарифа, и
- данок на додадена вредност, пресметан и искажан за сите надоместоци одделно

Член 16

Објаснување за начинот на добивање на вкупната месечна цена на потрошена ЕЕ:

- Збирот од дневните цени на електричната енергија на месечно ниво од берзата МЕМО, поделени на бројот на денови во истиот месец ја дава просечната месечна цена во евра за 1 (еден) MW/h, која потоа се конвертира во денари за 1 (еден) MW/h. Вака добиената цена се дели со 1000 и се добива цена во денари за 1 (еден) KW/h. (1MW=1000KW)
- Добиената цена без ДДВ за 1 (еден) KW/h во денари, зголемена за процентот на маржата во денари за 1 (еден) KW/h, помножена по бројот на потрошени KW/h во пресметковниот месец ја дава вкупната цена бев ДДВ која што Договорниот орган треба да ја исплати, во определен рок за плаќање од најмногу 30 (триесет) дена по достава на фактура во архивата на МСПДМ.

Член 17

Тарифите за Организирање на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ) и надомест за обновлива енергија (ОЕ) ги утврдува Регулаторна Комисија за Енергетика на Република Северна Македонија, односно Операторот на електропреносниот систем и ќе се наплаќаат заедно со сметката (фактурата) за потрошена електрична енергија.

Член 18

Договорниот орган писмено ќе го извести Носителот на набавка за промена на начинот на кој сака да му бидат доставувани сметките (фактурите), како и за секоја промена на адресата на која истите се доставуваат согласно овој договор.

Член 19

За извршување на овој Договор не е дозволено авансно плаќање.

РАСПОРЕД НА ОПТЕРЕТУВАЊЕ

Член 20

Договорните страни се согласни дека Носителот на набавката - Снабдувачот ќе изготвува соодветни прогнози за потрошувачката на електрична енергија на Договорниот орган - Потрошувачот врз основа на историски конзум на електричната енергија и податоци за идни трендови на потрошувачка добиени од страна на Потрошувачот.

Договорните страни се согласни дека Носителот на набавката - Снабдувачот се задолжува од името на Потрошувачот да изготвува часовни распореди за оптоварување на Потрошувачот на дневно ниво врз основа на претходно изготвената и потврдена прогноза за потрошувачка на електрична енергија на Потрошувачот, и истата ќе ја вклучи во вкупниот физички распоред на оптоварување на Снабдувачот како Балансно одговорна страна (БОС) кои ги доставува до Операторот на пазарот на електрична енергија и до Операторот на електродистрибутивен систем.

РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

Член 21

Договорните страни се согласни дека Потрошувачот се обврзува да го известува Снабдувачот пред спроведување на сите планирани ремонти, дополнителни оптеретувања и другите планирани дејности врз својата опрема, со прецизирани периоди на спроведување на ремонтот и/или прогнози за измени во просечните часовни оптоварувања и тоа во најкус можен рок, но не подоцна од 14 дена пред отпочнување на планираните ремонти и/или други планирани дејствија кои дополнително ќе влијаат на потрошувачката на електрична енергија.

Договорните страни се согласни дека размената на информации ќе се води исклучиво помеѓу овластените лица на двете договорни страни.
Во случај на промени на овластените лица за комуникација од претходниот став, договорните страни со документ составен во писмена форма ќе именуваат нови овластени лица за комуникација.

ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 22

Квалитетното, односно целосно, совесно и навремено извршување на обврските по овој Договор, Носителот на набавката го гарантира со доставена банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на Договорот.

Носителот на набавката доставува, неотповиклива, безусловна и наплатива на прв повик банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, во висина од 10% од вредноста на Договорот со вклучен ДДВ и со важност за целото времетраење на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 7 (седум) дена од потпишувањето на договорот од двете страни. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 23

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

ВИША СИЛА

Член 24

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините на Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заедничко прифатено дополнување или да се раскине договорно.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 25

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 26

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 27

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 28

Договорот стапува на сила со денот на потпишување на истиот од двете договорни страни.

Член 29

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само врз основа на член 119 од Закон за јавни набавки ( Службен Весник на РМ бр.24/19 и Службен Весник на РСМ бр.87/21 ).

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор врз основа на член 119 од Закон за јавни набавки ( Службен Весник на РМ бр.24/19 и Службен Весник на РСМ бр.87/21 ).

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 30

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 31

Овој договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) примероци за Договорниот орган и 2 (два) примероци за Носителот на набавка.

Договорен орган, Потрошувач
Министер,
Fatmir Limani

Носител на набавката,Снабдувач
Управител
Павле Мацовски

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одделение
Одобрил: Љубица Панова, Раководител на сектор
Согласен:Fatmir Sabriu, Државен секретар